# [ЗА НАС – ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ]

Археолозите се здружуваат во *Друштвото* заради остварување на заеднички интереси за унапредување и развој на археологијата во Република Северна Македонија, за подигнување на нивото на стручна и научна подготвеност и заради застапување на нивните интереси.

Археолозите се здружуваат во *Друштвото* и заради остварување на поширок општествен интерес за подигнување на јавната свест за значењето на археологијата како општествена дисциплина и значењето на заштитата на археолошкото наследство.

Целта на *Друштвото* е да ја промовира и развива археологијата во Република Северна Македонија, да ги промовира постигнатите резултати, да ја промовира заштитата на археолошкото наследство и да алармира за неговата состојба.

Во остварувањето на своите цели *Друштвото* обезбедува механизми за поединечно и институционално поврзување со сите што професионално се занимаваат со археологија, пројавуваат интерес кон археологијата или директно ја помагаат.

*Друштвото* обезбедува соработка со сродни асоцијации и институции од областа на археологијата и помошните археолошки дисциплини од други земји.

Своите цели и дејности *Друштвото* ги остварува во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, законите кои ја регулираат дејноста на археологијата и сродните дисциплини, овој Статут, како и со други законски норми.

Целите на *Друштвото* се:

- промовирање и унапредување на теренските и кабинетски археолошки истражувања и научно-истражувачката работа;
- промовирање на интересите на археолозите во Република Северна Македонија;
- промоција и унапредување на етичките и професионални стандарди во археолошката работа;
- презентација на резултатите од археолошките истражувања од интерес на афирмацијата на археологијата и историјата на Република Северна Македонија;
- укажување помош во стручното оспособување на членовите;
- соработка со поединци, здруженија и организации со слични цели и дејности;
- алармирање за состојбата на археолошките наоѓалишта и нивната заштита;
- алармирање за заштитата на археолошките предмети во збирките, чувањето, презентацијата и сл.

*Друштвото* ги остварува своите цели преку:

- организирање на годишен симпозиум за презентација на резултатите од археолошките истражувања преземени во претходната година;
- организирање на тематски научни конгреси и симпозиуми;
- организирање на тркалезни маси, јавни предавања и други собири поврзани со целите на *Друштвото*;
- организирање на јавни дебати и трибини за состојбите во археологијата;

- публикување и промоција на резултатите од археолошките истражувања и други научни трудови од областа на археологијата и сродните дисциплини;
- научни советувања;
- настапи во јавните медиуми.